РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Влезно: 20-10-2026
Број: 09-4447/1
Прилог: 2
Вредност:

До
г-дин Даниел Јаневски
Претседател на Советот на Општина Велес

Предмет: Информација за изготвен документ за јавни политики „Од информација, до вклученост"

Почитуван г-дин Јаневски,

По доставена иницијатива од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА) за вклучување на Општина Велес во проектот насловен „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" (арх. бр. 08-4766, од 31 октомври 2022 година), Општина Велес во овие четири години активно учествува како една од петте партнер-општини во спроведувањето на овој меѓународен проект на локално ниво. За потребите на истиот беа склучени два Меморандуми за соработка помеѓу Општина Велес и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), архивски број 08-640/2, од 3 февруари 2023 година, како и помеѓу Општина Велес и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), архивски број 08-640/5, од 31 март 2023 година.

На регионално ниво, проектот се реализира во Македонија, Србија, Албанија, Косово, Босна и Херцеговина. Додека партнери на национално ниво, се општините Велес, Охрид, Гостивар, Крива Паланка и Струга.

Како дел од тековните активности, во втората фаза на проектот, во текот на месец септември 2026 година, беа реализирани две последователни обуки за градење на капацитетите на претставници од Советите на општините, членови на Локалните младински совети, како и на Службениците за млади од партнер-општините.

Целта на обуките беше да се научат начините за правење анализа, добивање податоци од младите од заедницата за идентификување на проблем / предизвик со кој тие се соочуваат и креирање на еден документ за јавни политики, кој подоцна ќе биде достваен на разгледување од страна на Советите на општините кои беа дел од овие обуки.

По завршувањето на обуките, Службеникот за млади, заедно со членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес, во временскиот период 22 – 30 септември 2026 година, одржаа средби / консултации / фокус групи / работни состаноци со млади луѓе од Општина Велес, како и со останати релевантни и засегнати страни, претставници на ученичките совети од општинските средни училишта во градот, Европска куќа Велес, Младински центар Велес, младински организации, организации за млади и останати Здруженија на граѓани од Општина Велес, со цел прибирање предлози и идеи за реализација на овој документ за јавни политики. Истовремено, беше подготвен и интернет прашалник, кој беше споделен за одговарање на истите засегнати страни, во истиот временски период.

Во сите фази на подготовка, анализа, пишување и изработка на овој документ за јавни политики поврзани со младинското информирање и вклученост на локално ниво, учествуваа Ања Трајковска, претседателка на Локалниот младински совет на Општина Велес, Звездanка Пешиќ, советничка во Советот на Општина Велес и претставникот на општинската администрација, Владимир Смилев, Службеник за млади во Општина Велес.

Овој документ за јавни политики е подготвен во рамките на регионалниот проект „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", финансиран од Фондот на Обединетите нации за градење мир, а имплементиран од УНДП, УНФПА, УНЕСКО и UN Women.

Ставовите и мислењата изнесени во овој документ се исклучиво на авторите и не ги одразуваат нужно официјалните ставови на Фондот на Обединетите нации за градење на мир, Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), Младинскиот образовен форум (МОФ), Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO) и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

Документот е во прилог кон ова Известување.

Прилог:

1. Документ за јавни политики „Од информација, до вклученост" - Недоволна информираност на младите за постоењето можности за вклученост во процесите на донесување одлуки на локално ниво.

Со почит,

Службеник за млади во Општина Велес
Владимир Смилев

ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ
„ОД ИНФОРМАЦИЈА, ДО ВКЛУЧЕНОСТ"

Недоволна информираност на младите за постоењето можности за вклученост во процесите на донесување одлуки на локално ниво

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Примено: 20 -10- 2026
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност

Вовед

Пристапот до навремени, разбирливи и достапни информации претставува еден од предусловите за ефективно младинско учество во процесите на донесување одлуки на локално ниво. Иако постојат законски и институционални механизми за вклучување на младите во креирањето на локалните политики, нивното постоење не гарантира и нивно ефективно користење доколку младите не се доволно запознаени со своите права, можностите за учество и начините на кои можат да влијаат врз одлуките што ги засегаат.

Во Општина Велес, недоволната информираност за механизмите и можностите за младинско учество се издвојува како значаен предизвик за унапредување на вклученоста на младите во локалните процеси на одлучување. Наодите од консултациите со млади, претставници на ученичките совети од општинските средни училишта, граѓанскиот сектор, волонтерите во Младинскиот центар и Europe House Велес, како и од прашалникот спроведен со 222 млади лица, укажуваат на недоволна запознаеност со постојните законски и институционални механизми.

Податоците покажуваат дека 48% од испитаните млади не се информирани за можностите за нивно вклучување во локалните процеси на одлучување, додека 78% не знаат на кој начин можат директно да учествуваат во нив. Овие наоди укажуваат на јаз меѓу формалното постоење на механизмите за младинско учество и информираноста на младите за нивната достапност и практична примена.

Документот за јавни политики „Од информација до вклученост" има за цел да ги идентификува клучните предизвици поврзани со информираноста на младите во Општина Велес и да предложи применливи мерки за нивно надминување. Посебен фокус е ставен на унапредувањето на институционалната комуникација со младите, подобрувањето на пристапноста и разбирливоста на информациите, како и на поефективното промовирање на постојните механизми за младинско учество. Преку конкретни препораки за дејствување на Општината, во соработка со младите и другите релевантни чинители, документот цели да придонесе кон создавање поинформирана и поактивно вклучена млада популација во локалното донесување одлуки.

Овој документ за јавни политики е подготвен во рамките на регионалниот проект „Млади за инклузија, еднаквост и доверба“, финансиран од Фондот на Обединетите нации за градење мир, а имплементиран од УНДП, УНФПА, УНЕСКО и UN Women.

Ставовите и мислењата изнесени во овој документ се исклучиво на авторите и не ги одразуваат нужно официјалните ставови на Фондот на Обединетите нации за градење на мир, Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), Младинскиот образовен форум (МОФ), Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO) и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

Проблем – контекст и важност

Недоволната информираност на младите во Општина Велес за можностите и механизмите за учество во процесите на донесување одлуки претставува предизвик за нивното активно вклучување во локалното управување. Иако постојат законски и институционални механизми за младинско учество, нивната ефективност зависи од тоа дали младите се запознаени со нив, дали ги разбираат начините на кои можат да ги користат и дали добиваат навремени и достапни информации. Врз основа на консултациите и собраните податоци, може да се издвојат неколку фактори што придонесуваат кон овој предизвик.

Информациите формулирани на сложен административен јазик не секогаш им овозможуваат на младите да разберат кои можности им се достапни и како можат да се вклучат. Истовремено, изборот на комуникациски канали влијае врз досегот и достапноста на информациите. Прашалникот покажува дека Instagram е главен извор на информации за 44% од испитаниците, а Facebook за 19%, додека веб-страницата на Општината, училиштата и пријателите се наведени од по 10% од младите. Овие наоди ја нагласуваат потребата од користење разновидни комуникациски канали, вклучително и социјалните мрежи што младите најчесто ги користат, како и од споделување кратки, разбирливи информации со конкретни насоки за учество.

Резултатите од прашалникот покажуваат дека 48% од испитаниците не се запознаени со Законот за младинско учество и младински политики, 44% не знаат дека во Општина Велес постои Локален младински совет, а 57% не се запознаени со тоа дека е назначен службеник за млади. Недоволната запознаеност го отежнува практично користење на механизмите за младинско учество и информирање. Информирањето не треба да се ограничи на објавување на нивното постоење, туку треба да опфати и јасно објаснување на нивната улога, надлежностите и конкретните начини на кои младите можат да ги користат.

Младите од руралните средини, младите од социјално ранливите категории и другите маргинализирани групи можат да се соочат со дополнителни бариери во пристапот до информации. Комуникацијата што не ги зема предвид нивните различни потреби и околности може да доведе до нееднакви можности за информирање и учество. Затоа, потребно е комбинирање различни канали и форми на комуникација, со цел информациите да стигнат до различни групи млади.

Кога не се споделуваат примери за иницијативи на младите што придонеле кон конкретни промени, потешко се гради мотивација за вклучување и доверба во институционалните процеси. Ова е особено важно имајќи предвид дека 12% од испитаниците ја навеле недовербата дека учеството може да доведе до промена како причина за нивното досегашно неучество. Редовното информирање за прифатените предлози, реализираните иницијативи и резултатите од консултациите може да придонесе кон поголема доверба и препознавање на практичната вредност на младинското учество.

Еднонасочното споделување информации не е доволно за создавање активна и континуирана вклученост. Потребни се функционални канали преку кои младите ќе можат да поставуваат прашања, да предлагаат решенија и да добиваат повратни информации. Училиштата, ученичките совети, младинските организации, Локалниот младински совет и Младинскиот центар можат да имаат значајна улога во оваа комуникација, преку редовна координација со Општината.

Покрај недоволната информираност, како пречки за учество се издвојуваат и недостигот на време, наведен од 28% од испитаниците, како и недовербата во можноста за промена. Сепак, фактот што 52% од младите што одговориле на прашањето за причините за неучество посочиле дека не знаеле оти имаат таква можност ја нагласува потребата од појасно и подостапно информирање. Наведените фактори можат да придонесат кон недоволно искористување на механизмите за младинско учество, послаба застапеност на потребите на младите во локалните политики и намалена доверба во институциите. Оттука, унапредувањето на информираноста и комуникацијата треба да се третира како институционална одговорност и предуслов за поинклузивно и потранспарентно локално управување.

Алтернативи – Решенија

За надминување на недоволната информираност на младите во Општина Велес, се предлагаат пет меѓусебно поврзани решенија што се однесуваат на начинот на комуникација, ширењето на информациите, достапноста на постојните механизми и промоцијата на резултатите од младинското учество.

1. Користење разбирлив јазик и соодветни комуникациски канали

Општина Велес да објавува кратки, јасни и визуелно привлечни информации, приспособени на потребите на младите. Покрај постојните канали, информациите редовно да се споделуваат преку социјалните мрежи и дигиталните платформи што ги користат младите.

Финансиски импликации: Не се предвидуваат дополнителни трошоци за општинскиот буџет, доколку активностите се реализираат со постојните човечки и технички ресурси.

2. Воспоставување протокол за младинско информирање

Општина Велес да воспостави протокол за редовно и координирано споделување информации со училиштата, ученичките совети, младинските организации, здруженијата на граѓани, Младинскиот центар, Europe House Велес и другите релевантни чинители. Преку протоколот, информациите ќе се доставуваат до овие чинители, кои ќе ги споделуваат со младите преку сопствените комуникациски канали. Протоколот ќе ги утврди начините на комуникација, одговорностите на вклучените страни и динамиката на споделување информации.

Финансиски импликации: Не се предвидуваат дополнителни трошоци за општинскиот буџет, доколку протоколот се спроведува со постојните ресурси.

3. Организирање инфо-караван за младинско учество

Локалниот младински совет и Младинскиот центар, во соработка со Општината, да организираат информативни средби со младите во урбаните и руралните средини. Средбите ќе бидат насочени кон запознавање со Законот за младинско учество и младински политики, Локалниот младински совет, службеникот за млади, Младинскиот центар и другите можности за учество.

Финансиски импликации: Потребни се средства за патни трошоци, зависно од бројот на средби и населените места опфатени со активностите.

4. Назначување контакт-лица за младинско информирање во руралните средини

Во секое заинтересирано населено место да се идентификува контакт-лице преку месната заедница, подрачното училиште, здружение на граѓани или друга локална структура. Контакт-лицата ќе ги добиваат информациите од службеникот за млади во Општина Велес и ќе ги споделуваат со младите во својата средина, како дел од протоколот за младинско информирање.

Финансиски импликации: Не се предвидуваат дополнителни трошоци за општинскиот буџет, доколку функцијата се реализира доброволно и преку постојните ресурси.

5. Воведување рубрика за успешни младински приказни

На веб-страницата на Општина Велес, во постојниот дел „МЛАДИ“, да се воведе рубрика за промоција на успешни младински иницијативи, примери за добра практика и конкретни резултати од учеството на младите во локалната заедница. Содржините редовно да се споделуваат и преку социјалните мрежи на Општината.

Финансиски импликации: Не се предвидуваат дополнителни трошоци за општинскиот буџет, доколку рубриката се уредува со постојните ресурси.

Предлог за избрано решение

Како приоритетно решение се предлага воспоставување протокол за младинско информирање, бидејќи овозможува систематско, редовно и координирано споделување информации преку веќе постојните институции, организации и комуникациски канали. За разлика од поединечните активности, протоколот создава основа за континуиран пристап до информации и јасно утврдување на улогите на вклучените чинители.

Во рамките на протоколот ќе се интегрираат и елементи од останатите предложени решенија: користење разбирлив јазик и соодветни дигитални канали, организирање информативни средби во населените места, вклучување контакт-лица за младинско информирање во руралните средини и промоција на успешни младински приказни. На овој начин, протоколот ќе претставува заедничка рамка за спроведување на мерките, наместо нивна изолирана реализација.

За воспоставување и спроведување на протоколот не се предвидуваат дополнителни трошоци за општинскиот буџет, доколку активностите се реализираат со постојните човечки, технички и комуникациски ресурси. Потенцијални трошоци може да произлезат од организирањето информативни средби и патувањата до населените места, доколку не можат да се покријат со постојните ресурси или преку партнерска поддршка.

Недоволната информираност на младите за можностите за учество во процесите на донесување одлуки претставува пречка за нивното активно вклучување во локалната заедница. Затоа, потребен

е систематски пристап што ќе обезбеди информациите да бидат навремени, разбирливи, достапни и споделени преку каналите што младите ги користат.

Воспоставувањето протокол за младинско информирање, со интегрирани мерки за дигитална комуникација, директно информирање во населените места и промоција на успешни младински иницијативи, претставува практично решение што може да се реализира преку соработка меѓу Општина Велес, младите, училиштата, младинските организации и другите релевантни чинители.

Со спроведувањето на предложените мерки ќе се создадат подобри услови младите да ги препознаваат своите права и можности, полесно да пристапуваат до механизмите за учество и да добиваат повратни информации за своите иницијативи. На тој начин, информирањето ќе стане основа за поактивно, поинклузивно и посуштинско младинско учество во локалното донесување одлуки.